„Кога луѓето би знаеле колкава е вредноста на езанот и првиот ред, а би немале друг начин да ги добијат освен со ждрепка – сигурно би фрлале ждрепка за нив

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога луѓето би знаеле колкава е вредноста на езанот и првиот ред, а би немале друг начин да ги добијат освен со ждрепка – сигурно би фрлале ждрепка за нив. Кога би знаеле колкава е вредноста на раното доаѓање на намаз – ќе се натпреварувааа кој прв ќе стигне. А кога би знаеле што се крие во наградата за јацискиот и сабахскиот намаз – ќе доаѓаа на нив дури и ползејќи.“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека доколку луѓето би знаеле колкава е вредноста, добрината и бериќетот што се крие во езанот и првиот ред на намазот – и доколку би немале друг начин да го добијат освен преку фрлање ждрепка за тоа кој има поголемо право – сигурно би фрлале ждрепка. Кога би знаеле колкава е наградата за рано доаѓање на намаз –би се натпреварувале кој побрзо ќе пристигне. И кога би знаеле што се крие во јацискиот и сабахскиот намаз – би доаѓале на нив дури и ползејќи на колена, како што ползи малото дете .“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65735